ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА

**Повик за изразување на интерес за добивање на менторска поддршка за локални граѓански организации, локални активистички граѓански групи и граѓански активисти (две позиции) од Полошкиот Плански Регион бр. 03/2020**

Во рамките на Проектот „Граѓанските организации и медиумите во контрола над работата на јавните претпријатија во Полошкиот Плански Регион”, спроведуван од Институтот за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ од Скопје, ќе биде овозможена менторска поддршка на локални граѓански организации, локални активистички граѓански групи и граѓански активисти од Полошкиот Плански Регион.

Област на делување: менторската поддршка е наменета за локални граѓански организации, локални активистички граѓански групи и граѓански активисти кои работат во областите на јавни набавки, јавни претпријатија, транспарентност и отчетност.

Менторската поддршка се состои од:

- Процена на постојните организациони капацитети која се состои во процена на:
    - Можности за подготовка на проектна апликација
    - Можности за спроведување на активности со предмет застапување (advocacy)
    - Можност за комуникација со локалната средина и спроведување на кампањи на социјални медиуми
    - Обука за следење и промоција на транспарентноста на локално ниво.
- Анализа на потенцијалните можности за развој која има за цел да даде соодветни препораки за подобрување на капацитетите и поефикасна работа.

Менторската поддршка ќе биде спроведена од страна на ментор обезбеден од страна на ИСИЕ. Трошоците за менторската поддршка се на товар на ИСИЕ. Менторската поддршка е во времетраење од два месеци.

Начин на пријавување: Се доставува писмо за пријава во која се дава краток опис на активностите на апликантот во кој особено се наведува: податоци за назив/име на апликант, регистрација (доколку аплицира граѓанска организација), време на делување, област на делување, листа на тековни и претходни ангажмани и проекти. Писмото за пријава се доставува најдоцна до 10.7.2020 година на следната електронска пошта: isie@mail.org.

Оваа активност се реализира со помош на грант доделен преку проектот „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и во приватниот бизнис-сектор“ што го спроведуваат Центарот за граѓански комуникации, Здружението „Конект“ и Здружението на даночни советници, а во рамките на проектот „Граѓанските организации и медиумите во контрола над работењето на јавните претпријатија во Полошкиот Плански Регион“. Проектот е финансиран од Европската унија.